**Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија** (во партнерство со Македонско здружение на млади правници, Центар за правни истражувања и анализи и Милеуконтакт Македонија) во рамки на проектот **„Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“** поддржан од Expertise France, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на експерт(к)а за подготовка на онлајн база на експерти поврзани со донесување одлуки за животната средина**

ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија, за потребите на имплементација на Активност 2.3, објавува јавен повик за ангажирање експерт(к)а кој/а ќе изработи **онлајн база на експерти** што ќе им помагаат на граѓаните, граѓанските организации и локалните заедници во процесите на јавни консултации и донесување одлуки од областа на животната средина.

## 1. Опис и цели на проектот

Проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ има за цел да придонесе кон поефективно граѓанско учество за поголема заштита на животната средина во Северна Македонија преку зајакнување на капацитетите на локалните заедници за учество во донесување одлуки, користење правни механизми и зголемување на одговорноста на институциите и судството за заштита на животната средина.

## 2. Предмет на повикот

Предмет на овој повик е ангажирање експерт(к)а кој/а ќе подготви структурирана и лесно достапна онлајн база на експерти (80–100 записи) од факултети, државни органи, независни институции и професионални здруженија, подготвени да обезбедат научни/стручни/правни информации за потребите на јавни консултации и постапки на одлучување во животната средина.

Подготовката на базата ќе се реализира во две фази:

- Примарна идентификација преку desk research (мапирање на релевантни експерти/институции/тела).
- Секундарна идентификација преку онлајн формулар за пријавување (отворен 1 месец), со претходно јавно објавени критериуми за вклучување.

## 3. Работни задачи и очекувани продукти

Избраниот/ата експерт(к)а ќе ги изврши следните задачи:

- Подготовка на пристап и план за работа, структура на базата (категории, полиња, формат).
- Дефинирање и подготовка на критериуми за вклучување во базата (подобност) и кратка изјава за приватност и согласност за објавување (видливост на контакт податоци по согласност).
- Спроведување desk research и изработка на првична листа на релевантни експерти и институции.
- Подготовка на содржината на онлајн формуларот за пријавување (вклучително и согласност за објава) и поддршка во дисеминација во координација со ФЛОРОЗОН.
- Преглед на пристигнати пријави и проверка на исполнетост на критериумите; чистење на податоци и елиминација на дупликати.
- Компилирање на финалната база и подготовка за објавување (PDF + уредлив формат).
- Изработка на краток извештај за спроведување (3–5 страници).
- Една ревизија/ажурирање на базата во текот на проектот (планирано во месец 11).

**Очекувани продукти (deliverables):**

- Документ – База на експерти (80–100 записи) (PDF) и уредлив master фајл (Excel/Word/Google Sheet).
- Критериуми за вклучување + изјава за приватност/согласност (публикувачки текст).
- Содржина на онлајн формулар (прашања + воведен текст + согласност).
- Краток извештај за спроведување (3–5 страници).
- Ажурирана верзија на базата (месец ноември).

## 4. Потребни квалификации

Кандидатот/ката треба да ги исполнува следните услови:

- Завршено високо образование (минимум VII/1) во областа на општествени науки
- Најмалку 3 години релевантно професионално искуство.
- Докажано искуство во desk research/мапирање, подготовка на бази/директориуми, уредување и верификација на податоци.
- Познавање на процеси на донесување одлуки во животната средина и учество на јавноста во донесување на одлуките (Аархус, ЕИА/СЕА, урбанистички постапки и сл.).
- Одлични организациски и аналитички вештини; дигитална писменост (онлајн форми, табели, обработка на податоци).

## 5. Временска рамка и начин на ангажман

Ангажманот се предвидува да се реализира во периодот месец март – април (подготовка и финализирање на базата) и дополнително во месец ноември (една ревизија/ажурирање). Ангажманот ќе се уреди со договор за дело. Експертот/ката ќе доставува timesheet и краток извештај за извршените задачи.

## 6. Начин на пријавување

Заинтересираните кандидат(к)и треба да достават:

- Кратка биографија (CV).
- Краток пристап/методологија (до 2 страници) со предлог структура на базата и пристап за мапирање/верификација.

Документите да се доставaт по електронска пошта на: project@florozon.org.mk

со наслов: **„Апликација – експерт(к)а за база на експерти“.**

## 7. Критериуми за избор и бодување

Пристигнатите апликации ќе ги оценува комисија формирана од ФЛОРОЗОН согласно следната табела:

| **Критериуми** | **Опис на бодување** | **Макс. бодови** |
|---|---|---|
| Образование | Високо образование во релевантна област | 10 |
| Релевантно професионално искуство | 3-5 години – 15; 6–7 – 20; 8+ – 25 | 25 |
| Искуство со мапирања/desk research/бази | Делумно – 5; значајно – 15 | 15 |
| Познавање на еколошко управување и јавна партиципација | Основно – 5; добро – 10; одлично – 15 | 15 |
| Квалитет на пристап/методологија | Јасност, изводливост, структуриран план | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| Аналитички и организациски способности | Структура, точност и употребливост на примероците | 20 |
| Вкупно | | 100 |

## 8. Рок и контакт

Рок за аплицирање: 16.03.2026

Кандидатите ќе бидат известени за исходот од постапката по завршување на оценувањето.

Контакт лице: Кирил Ристовски
Е- маил: kiril.florozon@gmail.com
Тел:078430251